Tweet | Follow @UtrinskiVesnik | Ми се допаѓа 0

06.10.2013, 15:50

# МУЗЕЈСКИТЕ ФОТОЗБИРКИ БАВНО СЕ ПОЛНАТ



**„Од особена важност е современата македонска фотографија да биде презентирана во постојаните поставки на нашата современа уметност, вели Лазо Плавевски, историчар на уметност**

Катерина Богоева

„МСУ во својата фотографска збирка поседува вкупно над 200 фотографии и други дела базирани на фотографскиот медиум. Поголемиот дел од нив се од европски, американски и јапонски уметници, а еден помал број се од македонски уметници. Но, и покрај тоа што оваа колекција започна да се создава уште пред 40 години, сепак, третманот на фотографската уметност и создавањето вистинска музејска колекција може да се каже дека и ден-денес е се' уште во зародиш", вели историчарот на уметноста, кустос Зоран Петровски од Музејот на современата уметност запрашан за третманот на фотографијата во оваа институција каде што фотоизложбите редовно привлекуваат внимание, а публиката, сепак, многу малку знае за патиштата по кои фотографиите доаѓаат во музеите и стануваат дел од нивните збирки.

„Навистина, во последните неколку години работите малку се помрднаа на подобро со тоа што успеавме делумно да откупиме, а делумно и да добиеме донации, како на дела од историски значајни автори, Живко Јаневски и Иво Велјанов, така и на дела од поновата продукција (Милчо Манчевски и Иван Блажев). Но, сепак, ова е само еден мал, многу мал дел од она што може и треба да се направи за фотографијата да го добие вистинското место во нашата култура. За да се помрднат работите, мислам дека е потребно да се започне со неколку паралелни процеси на истражување и вреднување на историјата на фотографијата во сите нејзини појавности, потоа да се

Електронско издание



ДЕНОТ НИЗ ФОТОГРАФИИ

НАЈНОВИ ВЕСТИ
- НЕДЕЛНА ПАУЗА ЗА ПАРТИСКИТЕ ПРЕГОВОРИ ЗА НОВА ВЛАДА
- ВАРДАРКИ ГО ОСВОИ РАКОМЕНТНИОТ КУП НА МАКЕДОНИЈА
- ИБРАХИМИ: ИДНАТА ВЛАДА ДА ГО ПРОДОЛЖИ БАЊСКИОТ ОДМОР ЗА ПЕНЗИОНЕРИТЕ
- ШЕСТА ПРЕМИЕРА НА " ГРЕТА ОД ФАУСТ" ВО БИТОЛСКИОТ ТЕАТАР
- НАЈГОЛЕМ ПАД НА ДОЛАРОТ ВО ПОСЛЕДНИТЕ 6 МЕСЕЦИ

1 2 3 4 5 6 7 8 9 10

21° СКОПЈЕ ВРЕМЕ
Облачно

| ПОН | ВТО | СРЕ | ЧЕТ | ПЕТ |
|---|---|---|---|---|
| 22 | 23 | 20 | 20 | 20 |

| САБ | НЕД | ПОН | ВТО | СРЕ |
|---|---|---|---|---|
| 20 | 22 | 22 | 25 | 26 |

овозможено од Yahoo! Weather

НАЈЧИТАНИ | НАЈКОМЕНТИРАНИ
- Малиот Павел се пробуди од вештачката кома
- Уставниот суд се премисли и ја симна забраната за барок на ГТЦ и МОБ
- Кривични пријави за прилепскиот градоначалник Марјан Ристески и екс министерот Диме Спасов

инвестира во изложбени програми кои ќе ја третираат и поттикнуваат поопстојно тековната продукција и најпосле, што е можеби најважно, да се обезбеди редовно и стабилно финансирање во делот на откупите", смета Петровски.

Според него, конечно, мора да му се пријде на проблемот со откупите и збогатувањето на музејските колекции. Овој проблем тој го смета за хроничен и структурно нерешен веќе со децении, но не само во поглед на фотографијата, туку, воопшто, и на сето она што го чини музејскиот материјал. „На институциите мора да им се даде можност да имаат постојани, секогаш пристапни фондови кои ќе бидат независни од неупатени и анонимни комисии во Министерството за култура, со што ќе се овозможи вистинска откупна политика, која ќе ги гради и негува музејските колекции, односно творештвото и културата поради кои тие и постојат", вели Зоран Петровски.

Лазо Плавевски, историчар на уметноста, кустос од Музејот на град Скопје, смета дека не е од некоја поголема важност поединечниот однос на одделни институции кон фотографијата, иако, како што вели, „нивното свесно и настојчиво учество во таа област не е без значење". Потсетува дека овој музеј досега организирал и одржал повеќе изложби кои придонеле за формирање на синтагмата „современа македонска фотографија", изложби на Марин Димески, Иво Вељанов и Владимир Плавевски, како и на значајните фотографи, сега починати, Цветко Иванов, Живко Јаневски, Владо Величковски. Укажува и дека во сопственост на Музејот на град Скопје е и значајната колекција на фотографии на Благоја Дрнков, која чека подобри времиња за некоја потрајна презентација. „Она што недостасува кај нас е подлога за односот кон овој медиум, која сукцесивно би формирала определен корпус на обработен материјал што би ја формирал синтагмата/одредницата 'современа македонска фотографија'. Овој недостаток не е од денес и тој нема така брзо да исчезне. Потребно е создавање реална потреба за вредностите кои биле остварени или кои тековно се остваруваат и тие вредности да бидат презентирани. Културната јавност во Македонија треба да стане свесна за нивната присутност и нивното партиципирање во корпусот на нашите културни вредности. Тие се елемент на модерноста и таквата модерност треба да го најде патот кон јавноста", рече Плавевски.

Иако условите во Македонија не ветуваат брзи промени и во оваа област, запрашан што би можело, но и би требало да се направи за музејските колекции да поседуваат поголем број фотографии, а и тие да бидат подостапни на јавноста, Лазо Плавевски рече: „Барем на прв поглед одговорот е лесен, институциите од културата кај нас (а овде, пред се', се мисли на музеите, но и не само на нив), треба да формираат одделенија кои ќе се занимаваат, односно ќе бидат посветени на оваа област. Таквото насочено внимание ќе рефлектира потреба од создавање колекции кои ќе бидат обработени и презентирани на јавноста. Тоа не е ниту особено тешко ниту е особено скапо, ако се има предвид реалноста од потребата од нив. Голем дел од материјалот на починатите фотографи е веќе исчезнат или е на добар пат да се направи тоа. Но, нешто се' уште може да се спаси и тие вредности да се зачуваат. Сметам дека е од особена важност современата македонска фотографија да биде презентирана во постојаните поставки на нашата современа уметност. Тоа може да биде дополнителен поттик за градењето на свеста за нејзините реални вредности и за натамошното зачувување, чување и грижа за овој материјал", рече тој.

Во Етнолошкото одделение на овој градски музеј континуирано се собираат и оригинални стари фотографии. Дел од нив се подароци, а до дел од нив етнолозите доаѓаат при проектните истражувања. За позначајни оригинални фотографии се сметаат трите албуми со фотографии датирани меѓу двете светски војни, за кои, како што напоменува етнологот, кустос Славица Христова, не постојат податоци за авторот. Збирка оригинални фотографии за старо Скопје има и во Историското одделение.

„Имаме проблем со правилното чување на сите етнолошки предмети, па така и на оригиналните фотографии кои несоодветно се чувани во хартија или во обични фолии за чување фотографии. Збирката на овие оригинални фотографии се' уште не е валоризирана", рече Христова, која воедно и апелира до граѓаните да донираат фотографии направени во периодот по Втората светска војна, се' до крајот на 70-тите години на минатиот век, што ќе бидат искористени за изработка на следната монографија за градот Скопје.

Deutsche Welle
Прославени титулите во Минхен и Мадрид
Северна Кореја: Секоја недела една ракета?
Договор за владата до крајот на неделава?

И етнолозите во Музејот на Македонија користат стари фотографии при своите истражувања, но на терен сега фотографираат сами. „Во минатото на терен беа ангажирани професионални фотографи. Секоја институција имала по еден, најмногу до два фотоапарата со кои се фотографирало и на терен и во самите институции. Денеска секој има дигитален апарат така што потребата од професионални фотографи на терен не е нужна. Доколку етнологот-истражувач сам ги прави фотографиите, може да го долови моментот и настанот кој е предмет на интерес. Од друга страна, ангажирањето професионален фотограф ги зголемува трошоците на самото истражување, што во денешни услови на ограниченост на средствата не можеме да си го дозволиме“, вели раководителот на Етнолошкиот оддел при Музејот на Македонија, етнологот Дарко Крждовски. Тој потенцира дека во недостаток на други податоци и документи, фотографијата може да има карактер на документ од прва категорија. Музејот на Македонија, според Крждовски, поседува повеќе од 9.000 стари фотографии со најразлична тематика, а е направен и огромен број нови фотографии од теренските истражувања што треба да се обработат и систематизираат. Во овој Музеј најчесто откупот на фотографии е поврзан со одредени лица или настани кои тесно се поврзуваат со историјата, така што најчесто откупот и е предмет на интерес на историчарите. Откупените фотографии етнолошката наука може да ги користи како секундарна информација.

Статијата е прочитана 1395 пати.

Препорачај Биди прв од твоите пријатели кој би го препорачал ова.
Сподели

Испрати коментар

## ОСТАНАТИ ВЕСТИ

**Промоција на книгата „Случајот Ванѓа“**
**Фестивалот на германски филм со 14 наслови**
**(ФОТО) „Уметникот и диктатурата“ вистинска тема за „Бела ноќ“**



Утрински весник
РЕДАКЦИЈА
ул. "Васил Ѓоргов" бр.16, четврти кат
Тел. 3236 900
Факс. 3236 901
E-mail: contact@utrinski.com.mk

© 2006-2014 Утрински весник, сите права задржани